ИСИЕ

ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА



# ПРЕКУ ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА НА ЗАНАЕТЧИСКАТА ДЕЈНОСТ ДО ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА

Проектот го финансира Европската Унија

MIR FOUNDATION

Фондација ПСМ YES FOUNDATION

д-р Мишо Докмановиќ
д-р Катерина Шапкова Коцевска
д-р Дарко Спасевски

# Преку проценка на влијанието на регулативата на занаетчиската дејност до подобрување на деловната клима

## Студија за проценка на регулативата

Скопје, 2018 година

# ПРЕКУ ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА НА ЗАНАЕТЧИСКАТА ДЕЈНОСТ ДО ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА

ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА

www.isie.org.mk

**За издавачот**
д-р Мишо Докмановиќ

**Автори**
д-р Мишо Докмановиќ
д-р Катерина Шапкова Коцевска
д-р Дарко Спасевски

**Лектура**
Лилјана Јовановска

**Печати**
Pan Computers&Print **www.pan.mk**

Проектот е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ од Скопје и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Европската Унија.

# Вовед

Проектот „Преку проценка на влијанието на регулативата на занаетчиската дејност до подобрување на деловната клима", го спроведува Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ од Скопје во рамките на проектот „ЈЕСНетворк+", имплементиран од Фондацијата за претприемачки сервис за млади, Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување и Здружението за рурален развој „Јавор", а финансиски поддржан од Европската Унија.

Целта на проектот е да се подобри деловната клима за креирање на нови бизниси во областа на занаетчиството преку анализа на влијанието на регулативата во оваа сфера. Односно поконкретно: 1) да се идентификуваат и измерат ефектите од имплементацијата на Законот за занаетчиство; 2) да се зајакнат капацитетите на вршителите на занаетчиска дејност да продуцираат конкретни препораки врз основа на докази за унапредување на законската рамка која го уредува занаетчиството; 3) да се поттикне јавната дебата за потребата од вклученоста на сите засегнати страни при носењето на јавните политики, како и нивна континуирана евалуација; како и 4) да се подобри информираноста на јавноста.

Повеќе причини го поттикнаа интересот на Институтот за спроведување на ова истражување:

Прво, фактот дека занаетчиите својата дејност ја организираат во деловен потфат од мал обем. Како такви, занаетчиите заедно со малите и средни претпријатија процентуално гледано се најзастапена категорија на претприемачи. Податоците на

Заводот за статистика покажуваат дека најголемо учество во вкупниот број деловни субјекти во земјата, од 79,3% или 56.729 субјекти се деловните субјекти со 1–9 вработени. Најголем дел од овие деловни субјекти се субјекти во делот на трговијата на мало, како и пошироките услужни дејности. Според податоците на Комората за занаетчиство, во земјата има регистрирано околу 7.000 занаетчии.

Второ, занаетчиите како форма на организација на претприемачки активности сами по себе носат одредени ограничувања. Ограничувањата се огледуваат во поглед на ресурсите кои им се на располагање, во поглед на нивните капацитети, во поглед на пристапот до финансиски средства, во поглед на можноста за користење на нови технологии, постоење на одредени регулаторни бариери, нелојална конкуренција од големите трговски друштва, ограничени можности за користење на економија на обем, ограничени можности за користење на новите средства за продажба, како што се модерните платформи за електронска трговија итн. Оттука со цел занаетчиите да може да учествуваат како рамноправни субјекти во економскиот и правниот промет, потребно е да постои ефикасна правна рамка која ќе овозможи пријателска деловна средина.

Трето, во 2015 година беше донесен нов Закон за занаетчиство. Во земјата досега не е спроведена анализа за процена на влијанието на регулативата која се однесува на вршењето на занаетчиската дејност. Истото е тесно поврзано со општата цел на проектот – преку спроведување на објективна и базирана врз основа на докази, проценка на влијанието на регулативата во доменот на занаетчиството, да се подобри деловната клима и да се создадат услови за побрз раст и развој на оваа специфична дејност. Дополнително, може се забележи дека се работи за комплексна правна рамка која се заснова на Законот за

занаетчиство, но се надополнува на низа на закони. Оваа комплексна правна рамка третира низа на прашања како што се: начин на регистрација и почеток со работа на вршители на занаетчиска дејност, начин на организација на деловен потфат, начин на одговорност кон третите лица за обврските, даночни прашања итн. Веќе се забележуваат и одредени критики и дилеми во контекст на правната рамка генерално од одредени групи на занаетчии. Оттука, како Институт, сметаме дека има потреба од сериозна анализа на Законот за занаетчиство, со цел да се оценат ефектите пред и по неговата примена. Се работи за релативно нов закон, за кој нема направено досега ваква сеопфатна анализа, особено преку методологијата предложена во проектот.

Значењето на проценката на влијанието на регулативата при донесувањето и менувањето на јавните политики е круцијално. Така, според дефиницијата на ОЕЦД (OECD), истата претставува „системски пристап за критичка анализа на позитивните и негативните ефекти на предложена или веќе постојната правна рамка, како и на вонрегулативните алтернативи (етички кодекси, стандарди, принципи)". Истражувањата на ОЕЦД (OECD) покажуваат дека овој модел на анализа (RIA) преку соодветна системска рамка, може да ги зголеми капацитетите на законодавната власт со цел обезбедување на регулатива која е ефикасна и ефективна.

Четврто, прашањето на подобрувањето на деловната клима во земјата претставува составен дел од Извештајот за напредокот на земјата кој го објавува Европската комисија на годишно ниво, конкретно во Поглавјето 20 – Претпријатија и индустриска политика. Во ова поглавје, во делот Принципи на претпријатијата и индустриска политика, редовно се наведува дека еден од главните приоритети за земјата претставува понатамошно подобрување на деловната клима. Од тие причини, а поврзано со актуелниот моментум и аспирации за почетокот на преговори за полноправно

членство во Европската Унија, ова прашање се чини дека ќе биде повеќе од релевантно за претстојниот процес.

Преку ова истражување беа опфатени неколку целни групи на интересенти и тоа: занаетчиите, занаетчиски комори, надлежните државни органи, како и пошироката јавност.

Што се однесува до методологијата на спроведеното истражување, истата се темели на два клучни пункта: 1) анализа на постојното законско решение за регулирање на занаетчиството, неговото спроведување, како и компаративните искуства во оваа област; 2) анализа на собраните емпириски податоци (обезбедени преку барања за пристап до информации од јавен карактер, анкета, фокус-групи и полуструктурирани интервјуа). Деталната методологија е објаснета подолу во текстот.

Овој документ е поделен на неколку делови. Во првиот дел на документот е ставен акцент на актуелните трендови во развојот на занаетчиството во земјата. Во вториот дел на документот е опфатена компаративно-правна анализа на законодавството поврзано со занаетчиството на национално и меѓународно ниво. Во третиот дел се изложени резултатите и заклучоците од емпириското истражување. Конечно, во последниот дел на документот се формулирани препораките од истражувањето.

Еден документ не може да ги реши сите аспекти на еден проблем, но може да ги идентификува главните предизвици и консеквентно на тоа, да понуди алтернативи. Како што е честопати случај, во рамките на истражувањето се соочивме со определени ограничувања. Во најголем дел, ограничувањата се однесуваа на логистичките предизвици особено од аспект на пробудување на интересот на целната група (занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност).

# 1. Зошто е значајно занаетчиството? Национални и меѓународни трендови

Занаетчиската дејност, честопати е потценета во јавните политики, во однос на индустријата и трговијата. Искуството и праксата, сепак покажуваат дека овој сектор може да генерира обилни економски придобивки во полза на индивидуата (занаетчијата), економијата и општеството во целина.

Најпрво, занаетчиската дејност е особено важна област која може да влијае позитивно врз создавањето на нови работни места. Занаетчиството нуди можност на невработените лица да излезат од замката на оваа негативна економска појава. Истовремено, бидејќи најчесто станува збор за мали бизниси, во нив се вработуваат членови на најблиското семејство на занаетчијата, што дополнително помага при амортизирањето на последиците од невработеноста и борбата против сиромаштијата и решавање на проблемот на невработеност на повеќе членови од семејството.

Анкетите во Европската Унија укажуваат дека повеќе од 10% од трговците-поединци би вработиле нови работници доколку бидат ослободени од крутите бирократски процедури.[1] Со оглед дека овие претпријатија претставуваат повеќе од половината од сите бизниси во Европската Унија, тоа значи дека ваквите

[1] "Малите бизниси се приоритет", достапно на http://www.apprm.gov.mk/webdata/dokumenti/Zakon%20za%20mali%20pretpetrijatija%20za%20Evropa.pdf

претпријатија имаат потенцијал за отворање на повеќе од 1,5 милиони нови вработувања.[2]

Покрај тоа, занаетчиската дејност помага да се зголемат капацитетите за продажба. Ова значи и повисоки приходи од продажба, што во крајна линија може да доведе до зголемена заработувачка на занаетчиите.

Поттикнувањето на конкуренцијата е наредна придобивка која може да се поврзе со занаетчиската дејност. Вршителите на занаетчиска дејност најчесто функционираат во области каде влезот и излезот од дејноста се со незначителни трошоци и не е потребен огромен капитал за започнување и водење на деловната активност. Оваа карактеристика врши притисок врз занаетчиите да работат со полн капацитет, да креираат квалитетни производи и услуги, да го иновираат својот производ  и да формираат цени со кои би им се приближиле на купувачите.

Друга предност на занаетчиството е тоа што брзо може да се адаптира на потребите на потрошувачите и пазарот. Како што беше напомнато претходно, вршителите на занаетчиска дејност се микро или мали претпријатија кои се карактеризираат со флексибилност и брзина во носењето на одлуки. Оваа карактеристика ги прави овие лица поподготвени подобро и поефикасно да одговорат на потребите на потрошувачите кои постојано се менуваат во пазарните општества.

Дополнително, значаен дел од секторите кои влегуваат во занаетчиските дејности можат да придонесат и за поттикнување на туризмот во земјата. Така, на пример, производството на домашни и уметнички ракотворби е тесно поврзано и со случувањата во туристичката дејност.

---

[2] Ibid.

Големата флексибилност, од друга страна може да придонесе и за полесно вмрежување и соработка меѓу вршителите на занаетчиска дејност. Во современи услови на отворени економии, овој тип на делување е предуслов за економски напредок и остварување долгорочни добивки.

Во таа насока, бизнис-практиката покажува дека занаетчиите, односно вршителите на занаетчиска дејност, во најголем дел, редовно посетуваат работилници и тренинзи со цел да стекнат нови и да ги унапредат постојните вештини и знаење. Ова пак, доведува, исто така, до побрз развој на бизнисите.

Сепак, не треба да се заборави дека развојот на занаетчиството и малите и средни претпријатија треба да одговори на неколку значајни предизвици кои произлегуваат од општото деловно опкружување во земјата: функционирањето во услови на мал економски развој, голема стапка на невработеност (особено кај младите лица) и сериозни буџетски ограничувања поради зголемениот јавен долг.

## 1.1. Национални трендови

Државниот завод за статистика, во рамки на статистичкиот деловен регистар, редовно, на годишно ниво објавува податоци за демографијата на претпријатијата во земјата. Во рамки на овој регистар, Заводот прибира и објавува податоци за различните форми на претпријатија во земјата. Занаетчиите и трговците-поединци, согласно оваа класификација, се сместени во групата на физички лица. Поконкретно, во оваа група (физички лица) се евидентираат субјектите (самостојни вршители на дејности, занаетчии, индивидуални земјоделци, трговци-поединци) што поседуваат права и обврски, а својството на правен (деловен) субјект им е признаено врз основа на постојните законски прописи.

Во продолжение се дадени податоци за бројот на активни претпријатија и бројот на новосоздадени претпријатија во земјата во временска низа од 2009 до 2015 година. Податоците се однесуваат на формата трговец-поединец, како и останатите правни форми во кои се евидентираат занаетчиите.

Од сликата во продолжение може да се забележи дека постои намалување на бројот на активни претпријатија, како во групата на трговци-поединци, така и кај останатите правни форми.

Слика 1: Број на активни претпријатија во земјата (период 2009–2015)




Извор: Државен завод за статистика

Во однос на бројот на новосоздадени претпријатија во облик на трговец-поединец, рекордот е постигнат во 2010 година, кога се регистрирани 2.833 субјекти. Кај останатите правни форми, најмногу претпријатија се регистрирани во 2011 година, односно вкупно 1.236.

Слика 2: Број на новосоздадени претпријатија во земјата (период 2009–2015)




Извор: Државен завод за статистика

Државниот завод за статистика не објавува податоци за бројот на занаетчии, односно вршители на занаетчиска дејност како посебни категории.

Што се однесува до бројот на занаетчии, проценитe говорат дека заклучно со 2014 година биле регистрирани 7.000 занаетчии кои работеле во 300 занаетчиски дејности. Во рамките на Комората на занаетчии на Град Скопје, во текот на 2018 година се регистрирани нови 68 занаетчии, во 2017 година – нов 131 занаетчија додека пак во 2016 година – 124 нови занаетчии.[3] Од друга страна, во Занаетчиската комора на Тетово заклучно со 30 април 2018 година се регистрирани вкупно 812 занаетчии.[4]

---

[3]ИСИЕ, Одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер до Занаетчиската комора - Скопје, бр. 03-26/1 од 28.5.2018 г.
[4]ИСИЕ, Спроведено интервју во Занаетчиската комора – Тетово на 31.5.2018 г.

## 1.2. Компаративни искуства

Занаетчиите и малите и средни претпријатија имаат важна улога за секоја национална економија. Од тие причини, од исклучително значење за нашата анализа е да се разгледаат релевантните компаративни искуства поврзани со законското уредување на ова прашање.

Според статистиките во Европската Унија за 2012 година, од 20 милиони претпријатија во 2010 година, 99,8% припаѓаат во групата на мали и средни претпријатија. Само 43.700 претпријатија имаат повеќе од 250 вработени. Речиси 19 милиони претпријатија вработуваат помалку од 10 вработени. Просечно европско претпријатие вработува 6 лица, од кои обично едниот е сопственикот. Во последната деценија, малите и средни претпријатија креираат 80% од новите работни места.[5]

Паралелно со тоа, во Германија се развива нов сектор, т.н. сектор на културни и креативни индустрии.[6] Овој сектор, односно концепт, се развива на база на препораките на Конференцијата на економски министри на германските федерални единици коишто за првпат ја дефинираат содржината на овој концепт во јуни 2009 година. Во таа насока, дејностите кои се опфатени во рамките на секторот на културни и креативни индустрии, може да бидат вршени од било кои организациони бизнис форми, вклучително и занаетчиите. Со цел истите да се третираат како дел од секторот на занаетчиство, потребно е: да имаат вградено голем степен на рачна изработка, да се карактеризираат со уникатност и да вклучуваат

[5] "Crafts and SMEs 2020: SMEs means jobs and growth", UEAPME, достапно на https://ueapme.com/IMG /pdf/1406 11_UEAPME-2020_final.pdf стр. 3.

[6] Повеќе види: "The Craft and Trade Sector in the Culture and Creative Industries", достапно на https://www.kultur-kreativ-wirtschaft.de/KUK/Redaktion/DE/PDF/handwerk-in-der-kultur-und-kreativwirtschaft-englische-fassung.pdf?__blob=publicationFile&v=2.

индивидуализиран дизајн. Во оваа земја, во 2010 година се регистрирани 825.000 вршители на занаетчиска дејност кои вкупно вработуваат 5,3 милиони лица и имаат промет од 468 милијарди евра.

Значајно е да се нагласи дека во рамките на Европската Унија се одвива и посебен процес за сеопфатна реформа на целокупното опкружување на делувањето на малите и средни претпријатија каде што се вклучени и занаетчиите. Станува збор за т.н. „Small Business Act" од 2008 година.[7] Целта на оваа инцијатива беше да ги подобри вкупните политики за поттикнување на претприемништво, да се промовира начелото „Think Small First" при креирањето на политики за претприемништво и да им се помогне на малите и средни претпријатија да ги надминат проблемите кои го ограничуваат нивниот развој. Оваа иницијатива се базира на десет заеднички принципи: 1) создавање на средина пријателски настроена за малите и фамилијарни бизниси; 2) овозможување втора шанса на претприемачи кои западнале во стечај без своја вина; 3) креирање на политики базирани на принципот „Think Small First"; 4) обезбедување на респонзивност на јавната администрација за потребите на малите и средните претпријатија; 5) креирање на политики со кои ќе се олесни пристап на мали и средни претпријатија во постапки за јавни набавки и државна помош; 6) олеснување на пристапот до финансии и навремено исполнување на финансиски обврски кон доверителите; 7) овозможување малите и средни претпријатија да ги искористат бенефитите на заедничкиот пазар; 8) промовирање на надградба на знаења и иновации; 9) овозможување на малите и средни претпријатија предизвиците во животната средина да ги искористат како предност и 10) да се

[7] "Think Small First": A "Small Business Act" for Europe", COMMISSION OF THE EUROPEAN COMMUNITIES, http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52008DC0394&from=EN.

охрабрат малите и средни претпријатија да остварат корист од глобализацијата.[8]

Во рамките на „Small Business Act", беа предвидени и одредени реформи и тоа:

- Реформа на регулативата за државна помош со цел да се овозможат посебни стимулации за занаетчиите, посебни пакети на државна помош за регионален развој, како и посебни категории на државна помош и стимулативни мерки со цел да се поттикне истражувањето и развојот;
- Основање на европска приватна компанија (European Private Company) која во основа треба да биде посебна форма на организација на претприемачките активности од помал обем кои ги опфаќаат занаетчиите и малите и средни претпријатија. Во таа насока, беа предвидени и посебни погодности за оваа форма на организација на бизнис од даночен аспект;
- Реформа во насока на намалување на стапките на ДДВ за услуги и производи обезбедени од локални мали и средни претпријатија;
- Подобрување на Директивата 2000/35/ЕС, со цел да се обезбеди дека малите и средни претпријатија навремено ќе може да ги обезбедуваат своите побарувања.[9]

Во рамките на истражувањето се фокусиравме и на неколку искуства на релевантни држави членки на Унијата во контекст на националното законодавство за регулирање на занаетчиството.

Во Австрија, занаетчиството е уредено со посебен закон, познат како Gewerbeordnung[10], донесен 1994 година. Се работи за сеопфатен закон со кој се уредуваат различните видови занаети и

---

[8]Ibid. стр.4
[9] Ibid. 4-5.
[10] Целиот закон е достапен на https://www.jusline.at/gesetz/gewo.

се одредуваат условите под кои може да се вршат занаетите. Исто така се уредува постапката за самовработување и условите кои треба да се исполнат. Имено, законот предвидува и поседување на одредени образовни квалификации со цел да може да се врши одреден занает. Законот бара, занаетчијата да поседува мајсторска диплома за одредени занаети, како што се пекарница, месарница или фризерски салон. Но, за некои занаети, како што се масер или козметичар, потребно е да ги исполнат општите услови, без да обезбедат доказ во форма на диплома за одредено образование. Иако за овие видови занаети не е потребен доказ за формално образование, сепак истите треба да покажат одреден степен на поседување на знаења за вршење на дејноста.[11]

Во Германија, занаетчиството е уредено со Законот за занаетчиство и трговија (Handwerksordnung). Со овој закон се уредува вршењето на дејноста на занаетчиите, понатаму се уредува стекнување на образование и обуки за занаетчии, како и самоуправувањето (преку еснафски организации) на овој сектор. Во таа смисла, во овој закон, понатаму се уредува лиценцирањето на занаетчиите. Тоа значи дека занаетчијата со цел да може да работи самостојно, потребно е да има мајсторска диплома. Понатаму, законот ги определува дејностите кои се сметаат за занаетчиство и трговија. Поставува рамка за организационите облици во кои може да се здружуваат занаетчиите.

Во Италија основот за организација на занаетчиската дејност се наоѓа во Законот број 443 од 1985 година, заедно се амандманите на овој закон. Главна карактеристика на италијанскиот модел на правна рамка за вршење на дејноста на занаетчиите е тоа

[11] "Report on the Situation of Craftsmanship in Europe", CR@FTSMAN PROJECT, достапно на http://projects.ifes.es/pdfs/craft/craft1.pdf.

што, голем дел од легислативните надлежности се делегирани на италијанските регионални власти.[12]

Сличен на италијанскиот модел е моделот кој се користи во Шпанија за потребите на уредување на занаетчиството. Имено, и во Шпанија голем дел на легислативните надлежности во областа на занаетчиството се делегирани на регионите, што резултира да постојат 19 различни закони на ниво на различните региони. Исто така постојат сличности и во поглед на содржината на прописите помеѓу Италија и Шпанија. Во двете земји, со цел занаетчијата да може да ја врши својата дејност, потребно е претходно за тоа да биде регистриран.[13]

Што се однесува до нашето регионално опкружување, посебен закон со кој се уредува занаетчиството постои во Црна Гора, Хрватска и Босна и Херцеговина, додека пак во Србија сè уште нема донесено посебен закон, иако општ е ставот дека има потреба од донесување на посебен закон и во Србија.[14]

Со Законот за занаетчиство (Zakon o obrtu)[15] на Хрватска се уредува содржината, начинот и условите на вршење на занаетчиската дејност, видовите занаетчиство, правата и обврските на занаетчиите, образованието и оспособувањето за вршење на занаетчиската дејност, институтот домашна работилница и споредно занимање, правното лице како организационен облик, како организациите на занаетчиите.

[12] Ibid. стр. 7.
[13] Ibid. стр. 12.
[14]Politika, Zakon o zanatstvu u fioci, 7.4.2016 g., достапно наhttp://www.politika.rs/sr/clanak/401526/Zakon-o-zanatstvu-u-fioci.
[15]Zakon o obrtu, достапно на https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2013_12_143_3065.html.

Во Босна и Херцеговина со Законот за занаетчиско-претприемачка дејност (Zakon o zanatsko-preduzetničkoj delatnosti)[16] се уредуваат условите за почеток со вршење на дејноста, начините на вршење на занаетчиската дејност, начинот на стекнување на потребното образование и стекнување на мајсторско звање, организациите на занаетчиите и водење на занаетчискиот регистар.

Исто така, во Црна Гора, со Законот за занаетчиство (Zakon o zanatstvu) се уредуваат основите организациони прашања поврзани со вршењето на занаетчиската дејност, а кои опфаќаат прашања за условите за вршење на занаетчиската дејност, начин на стекнување на образование, начин на организација на еснафските организации, видовите занаетчии, итн.

[16] Zakon o zanatsko-preduzetničkoj delatnosti, достапно на http://www.paragraf.ba/propisi/republika-srpska/zakon-o-zanatsko-preduzetnickoj-djelatnosti.html.

# 2. Правна рамка за занаетчиска дејност

Основен закон со кој се уредува занаетчиската дејност е Законот за занаетчиство од 2015 година. Овој закон претставува основата на правната рамка за вршењето на занаетчиската дејност. Покрај овој закон, вршењето на занаетчиската дејност посредно или непосредно е поврзана со низа на други закони. Па така, во таа низа на закони, која поприлично е долга, може да се вбројат: Законот за трговските друштва, Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, Законот за стручно образование и обука, Законот за средното образование, Законот за образование на возрасните, Закон за безбедност и здравје при работа, Закон за работните односи, Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење, Законот за персонален данок на доход, Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност итн. На овие закони, треба да се додадат и низата на закони кои се однесуваат на вршење на одредена конкретна дејност (на пример: занаетчија слаткар, се применува и Закон за безбедност на храната, занаетчија оптичар се применува и Закон за лековите и медицинските помагала итн.). На оваа низа на прописи се додаваат најмалку уште толку подзаконски акти.

Неспорен е фактот дека се работи за обемна правна рамка која поради својата комплицираност и противречност може да влијае негативно врз вршењето на занаетчиската дејност. Споредбените искуства говорат дека токму бирократските

процедури и комплицираните законски прописи се значајна пречка за вршење на занаетчиската дејност. Според едно истражување во рамките на Европската Унија, со цел да се надминат административните бариери, се препорачуваат следните насоки: 1) трошокот за регистрација на ново претпријатие не треба да изнесува повеќе од 100 евра и да трае повеќе од една седмица; 2) да се овозможи компаниите да ја известуваат јавната администрација по принципот „еднаш и за секого“ и 3) доколку дозволуваат околностите, компаниите треба да обезбедуваат статистички податоци само еднаш во три години.[17] Во таа насока, во последниот период, Европската Унија, со цел надминување на административните пречки: а) повлекла 78 закони уште во процесот на донесување; б) поедноставила 54 иницијативи и в) идентификувала 2.500 нефункционални акти кои треба да бидат укинати.[18]

## 2.1. Законот за занаетчиство како основен закон

Како што претходно беше изнесено, занаетчиската дејност е уредена со Законот за занаетчиство кој е донесен 2015 година. Претходно се применуваше Законот за вршење на занаетчиска дејност („Службен весник бр. 62/2004, 55/2007, 115/10, 36/11, 53/11, 164/13 и 129/15“).

Како основни концепти кои се уредени со Законот за занаетчиство се: условите за вршењето на занаетчиска дејност и за издавање на занаетчиската дозвола, водење на Занаетчиски регистар, организирање на чирачката работа, како и организирање

[17] “Малите бизниси се нашиот приоритет”, достапно на http://www.apprm.gov.mk/webdata/dokumenti/Zakon%20za%20mali%20pretpetrijatija%20za%20Evropa.pdf
[18]Ibid.

и финансирање на коморски систем. Согласно со членот 2 од Законот за занаетчиство, се прифаќа концептот на „вршител на занаетчиска дејност“ кој се определува како занаетчија, трговец-поединец друштво со ограничена одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице кое врши занаетчиска дејност, додека под поимот „занаетчија“ се подразбира физичко лице кое врши занаетчиска дејност и е запишан во Занаетчиски регистар. Формата на друштво со ограничена одговорност е уредена со Законот за трговските друштва[19]. Согласно со членот 166 од Законот за трговските друштва, друштво со ограничена одговорност е трговско друштво во коешто едно или повеќе физички и правни лица учествуваат со по еден влог во однапред договорената основна главнина на друштвото. Се работи за друштво кое има капиталски елементи, каде што по правило содружниците не одговараат за обврските на друштвото. Друштво со ограничена одговорност може да биде основано од едно или од повеќе физички и правни лица. Друштвото со ограничена одговорност може да има најмногу 50 содружници. Согласно со членот 12 од Законот за трговските друштва, трговецот-поединец е физичко лице кое, во вид на занимање, врши некоја од трговските дејности определени со Законот. Трговецот-поединец одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот. Како трговец-поединец може да се запише во трговскиот регистар секое деловно способно физичко лице со постојано место на живеење во земјата. Својство на трговец-поединец се стекнува со уписот во трговскиот регистар.

Како „занаетчиска дејност“ се определува занаетчиско производство, занаетчиски услуги и дејност на домашно и

[19]Закон за трговски друштва, „Службен весник бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014 и 88/2015“.

уметничко занаетчиство. Занаетчиско производство претставува изработка и производство на производи претежно по нарачки, во мали серии, кое нема карактеристики на индустриско производство. Понатаму, „занаетчиски услуги“ се поправки и одржување на производите, уредите и објектите, како и вршење на лични услуги. Како „дејност на домашно и уметничко занаетчиство“ е дејност за која е карактеристичен едноставен начин на работа со главно рачна работа, уметничко и дизајнерско создавање.

Согласно со член 5 од Законот за занаетчиство, надлежен регистар за упис на занаетчија е Занаетчиски регистар кој го води Занаетчиската комора електронски како централен регистар и занаетчиската комора како основно регистрациско тело, додека пак, ако дејноста е организирана како трговец-поединец, друштво со ограничена одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, надлежен регистар е трговскиот регистар кој го води Централниот регистар. Согласно со Законот за Централен регистар[20] во Централниот регистар се основаат основни регистри врз основа на други закони, во кои се конституираат права, како и регистри во кои не се конституираат права. Според член 10 од овој закон, внесувањето на податоците во Централниот регистар, основните регистри и другите субјекти и Централниот регистар, ги вршат врз основа на единствени постапки и обрасци во електронски или друг облик (форма), заради постигнување рационалност во работењето и нивна полесна и побрза достапност до заинтересираните корисници.

Согласно со член 9 од Законот за занаетчиство, занаетчискиот регистар е единствен регистар на територија на земјата. Занаетчиските комори се надлежни за одржување на интегритетот на податоците на Занаетчискиот регистар,

[20]Закон за Централниот регистар, „Службен весник бр.50/01, 49/03, 109/05 и 88/08“.

обезбедување на соодветно ниво на заштита и достапност на податоците, одржување, надгледување и заштита на системот за обработка на податоци, одржување, надгледување и заштита на мрежата за давање на користење на податоци, обезбедување на пристап до податоците во регистарот, дизајнирање и надгледување на перформансите на регистарот и спроведување на стандарди за употреба и безбедност на податоците во регистарот.

Според член 12 од Законот за занаетчиство, за вршење на занаетчиска дејност, невработено физичко лице поднесува писмено барање до занаетчиската комора за упис во Занаетчискиот регистар, во местото каде што се наоѓаат просториите каде што се врши занаетчиската дејност.

Согласно со членот 17 од Законот за занаетчиство, занаетчијата кој занаетчиската дејност ја врши во простории, мора да има фирма истакната на видно место.

Според член 20 од Законот за занаетчиство, занаетчијата може да ја врши дејноста во една или во повеќе простории, а за седиште на занаетчијата ќе биде онаа просторија која е запишана во Централниот регистар. Ако за вршење на дејноста не се потребни простории, како седиште се смета местото во кое занаетчијата има живеалиште. Вршителот на занаетчиската дејност не може да ја врши дејноста надвор од просториите за работа за оние занаетчиски дејности кои задолжително се вршат во простории.

Законот за занаетчиство во членот 21 предвидува дека вршителот на занаетчиската дејност е должен да обезбеди просториите во кои ја врши дејноста, да ги исполнуваат пропишаните минимално-технички услови. Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството, ги пропишува минималните технички услови потребни за вршење на занаетчиската дејност.

Законот за занаетчиство предвидува во членот 22 дека вршителот на занаетчиска дејност може да ги врши само занаетчиските дејности што се наведени во решението за упис во надлежниот регистар и занаетчиската дозвола.

Во член 28 од Законот за занаетчиство се предвидува дека занаетчијата престанува да врши дејност и се брише од Занаетчиски регистар: 1) со одјавување; 2) по сила на закон и 3) во случај на смрт.

Министерството надлежно за работите од областа на занаетчиството согласно со Законот за занаетчиство има обврска, во соработка со Занаетчиската комора на ниво на државата, да изготви Листа на занаети кои се во изумирање врз основа на следниве критериуми: (а) традиционални занаетчиски дејности автентични за поднебјето; (2) традиционални занаетчиски дејности за кои се намалува интересот за регистрација во последните десет години, т.е. со најмал процент за регенерирање и (3) занаетчиски дејности кои остваруваат мал приход во континуитет.

Во член 35 од Законот за занаетчиство како услови за стекнување со занаетчиска дозвола се предвидени: средно стручно образование од соодветна насока (тригодишно и четиригодишно образование); соодветна квалификација; стручно оспособување (едногодишно и двегодишно образование); мајсторски испит; соодветно работно искуство со минимум основно образование ако пет години вршело дејност од листата на занаетчиски дејности како сопственик или вработен кај вршителот на занаетчиската дејност во соодветна дејност; соодветно работно искуство со минимум средно образование ако три години вршело дејност од листата на занаетчиски дејности како сопственик или вработен кај вршителот на занаетчиската дејност во соодветна дејност и соодветно работно искуство со минимум више или високо образование ако една година вршело дејност од листата на занаетчиски дејности како

сопственик или вработен кај вршителот на занаетчиската дејност во соодветна дејност.

Како обврска на министерството за економија, согласно со членот 41 од Законот за занаетчиство, а заради побрз развој на занаетчиството, како и зголемување на конкурентноста и иновативноста на занаетчиските производи и услуги, во Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, донесена од македонската влада, се предвидуваат мерки, активности и средства за поддршка и развој на занаетчиството. Како што беше претходно нагласено, од податоците добиени од Министерството за економија може да се забележи дека се работи за многу скромни средства кои не може да ја постигнат целта.

Законот за занаетчиството го уредува и стекнувањето со мајсторска титула како процесот на стекнување со знаења преку обука на чираци. Овие две компоненти се особено важни ако се има предвид обезбедување на квалитет на занаетчиите при вршењето на нивната дејност, во процесот на нудење на нивите стоки и услуги на пазарот. Покрај тоа, посебно важен е процесот на обезбедување на подмладок преку процесот на обука и образование на чираци. Согласно со членот 42 од Законот за занаетчиство, со титула мајстор можат да се стекнат и физички лица кои се вработени кај вршителот на занаетчиска дејност. Законот за занаетчиство во членот 43, како чиракување го предвидува периодот во кој невработено лице го поминува на работно место кај вршителот на занаетчиска дејност со цел да се стекне со вештини, компетенции и знаења за изучување на определен занает. Титула мајстор се стекнува согласно со Законот за стручно образование и обука. Чирак согласно со Законот, може да биде лице кое има најмалку 15 години возраст и кое е невработено.

Ангажирањето на чираци се врши од страна на вршителот на занаетчиска дејност или врз основа на јавен оглас објавен од

страна на Агенцијата за вработување, доколку истото е предвидено во годишниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување. Работата на чиракот може да трае не повеќе од 12 месеци. Работодавачот во текот на годината може да ангажира не повеќе од двајца чираци. За работа на чиракот се склучува договор. Договорот за чирак е двостран во случаите кога се склучува меѓу вршителот на занаетчиска дејност и чиракот или тространа во случај кога е склучен меѓу Агенцијата за вработување вршителот на занаетчиска дејност и чиракот доколку истото е предвидено во годишниот оперативен план за активности програми и мерки за вработување.

Конечно, Занаетчиската комора на ниво на државата, согласно со членот 55 од Законот за занаетчиство е самостојна, стручно-деловна организација која врши јавни овластувања утврдени со овој закон и дејствува на територијата на земјата и има својство на правно лице. Во македонската Занаетчиската комора на национално ниво членуваат претставници на занаетчиските комори и претставници на струковите здруженија на национално ниво. Заради унапредување на една или повеќе сродни занаетчиски дејности, вршителите на занаетчиска дејност членови на занаетчиските комори, основани во форма на секции во рамките на една или повеќе занаетчиски комори, може доброволно да се здружуваат во струкови здруженија на ниво на земјата.

## 2.2. Законската рамка за стекнување на образование и квалификации за вршење на занаетчиска дејност

Покрај Законот за занаетчиство, којшто ја поставува рамката за вршење на дејноста, од интерес на оваа анализа е и правната рамка со која се уредува образованието, односно процесот на стекнување со знаења и вештини во рамките на формалниот систем на образование, а сè со цел за вршење на некоја од занаетчиските дејности. Ова е особено значајно поради фактот дека токму преку образованието треба да се регрутираат нови човечки ресурси за потребите на занаетчиството во земјата.

Образованието може да се стекне во рамките на средното образование кое во македонскиот образовен систем е задолжително или во рамките на програмите за стекнување со квалификации во рамките на образованието за возрасни. Законот за стручно образование и обука[21] е основен акт со кој се уредуваат организирањето, структурата и управувањето на системот на стручното образование и обука. Стручно образование и обука е дел од системот на образованието кој обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието. Согласно со членот 3 од овој закон, стручното образование и обука опфаќа: средно стручно образование и обука е дел од средното образование кое овозможува иницијално стекнување со прво, второ или трето ниво на стручни квалификации и пост-средно стручно образование и обука е дел од системот на образованието кое овозможува на лица кои се стекнале со средно

[21] Законот за стручно образование и обука, „Службен весник бр. 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014 и 145/2015“).

образование да се стекнат со четврто ниво на стручни квалификации. Во рамките на овој закон се содржани посебните правила за стекнување со мајсторски испит кој претставува предуслов за вршење на занаетчиската дејност. Учениците кои завршиле средно стручно образование имаат право да полагаат мајсторски испит. Според членот 20 од Законот за средно стручно образование, испитните програми за мајсторски испит и испитните програми за стручна оспособеност за занаетчиски дејности ги донесува Комората на занаетчиите, по претходна согласност од министерот за образование и наука. Лицето кое успешно ќе го положи мајсторскиот испит, се стекнува со диплома за мајсторски испит.

Законот за стручно образование и обука предвидува формирање на посебна институција, Центар за стручно образование и обука која претставува јавна установа за стручно образование и обука. Центарот го основа македонската влада. Центарот за стручно образование и обука има својство на правно лице. Согласно со Законот за стручно образование и обука, Центар за стручно образование и обука има обврска да соработува со Занаетчиската комора.

Понатаму, со Законот за средното образование[22] е предвидено дека постојат четири видови средно образование: гимназиско образование, стручно образование, средно уметничко образование и средно образование за ученици со посебни образовни потреби. Средното стручно образование е потенцијален генератор на нови кадри кои би можеле да ја извршуваат

[22]Закон за средно образование, „Службен весник бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018.

занаетчиската дејност. Членот 34 од овој закон предвидува дека стручно образование се запишуваат редовни и вонредни ученици кои завршиле основно образование. Притоа, јавното стручно образование може да биде од тригодишно и четиригодишно траење, и специјалистичко образование. По завршувањето на последната година на јавното стручно образование се полага државна матура или завршен испит (член 35). Дополнително, со овој закон е дозволено програмите за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење за вонредни ученици можат да се остваруваат и во установи за образование на возрасни, како и во други установи под услови и на начин утврдени со овој закон.

Со Законот за образование на возрасните[23] се уредуваат организирањето, структурата, финансирањето и управувањето на системот на образование на возрасните во земјата. Со овој закон се предвидени три облици на образование за возрасни како дел од единствениот образовен систем на земјата. Така, образованието за возрасни може да биде формално, неформално и информално (член 2). Формалното образование на возрасните претставува институционализирано образование кое се спроведува во државни и приватни установи и институции како редовно и вонредно образование, според соодветни наставни планови и програми. Овој вид образование се одвива на повеќе нивоа: основно образование на возрасни, средно образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование и постсредно образование за возрасни, како и преквалификација и доквалификација и високо образование на возрасни.

[23]Закон за образование за возрасните, „Службен весник бр. 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015, 30/2016 и 64/2018".

Неформално образование на возрасните, од друга страна, означува организирани процеси на учење насочени за оспособување на возрасните за работа, за различни социјални активности или личен развој. Третата категорија, информално учење на возрасните, согласно овој закон, означува активности во кои возрасните ги прифаќаат ставовите и позитивните вредности, вештините и знаењата од секојдневните искуства и други влијанија од својата околина.

Членот 4 од овој закон, предвидува дека целта на образованието на возрасните е да се обезбеди можност за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи и да овозможи истите да стекнат знаења, вештини и ставови кои ќе бидат во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот. Може да констатираме дека постои компатибилност меѓу оваа цел и целите на занаетчиите и вршителите на занаетчиската дејност.

Како понудувачи на образование за возрасни, согласно со овој закон, можат да се јават јавните и приватните установи за образование на возрасните, институциите за образование на возрасните, центрите за усовршување, работодавачите и социјалните партнери, здруженијата или индивидуалните обучувачи кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон (член 5).

Овој закон предвидува и формирање на Совет за образование на возрасните. Советот претставува советодавно тело кое предлага стратешки прашања кои се однесуваат на политиката на развој на образованието на возрасните. Истото го формира македонската влада. Советот е составен од 13 члена, и тоа: два члена од редот на експертите за образование на возрасните, по еден член од министерството, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, министерството надлежно за

финансии, мнозинскиот синдикат, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Агенцијата за вработување и Агенцијата за развој на мали и средни претпријатија, како и по еден член од Стопанската комора, Сојузот на коморите и Комората на занаетчиите (член 9). Член 10, пак, ги уредува надлежностите на Советот. Така, Советот предлага стратегија за развој на образованието на возрасните во контекст на доживотното учење до министерството; предлага годишни акциони планови за имплементација на Стратегијата за образование на возрасните; ја следи реализацијата на годишните акциони планови за реализација на стратегијата за развој на образованието на возрасните; му предлага на министерството национални квалификации и стандарди на занимања; предлага финансирање на програмите за образование на возрасните за кои се обезбедени средства во државниот буџет и во соработка со општините до Министерството доставува предлог за развој на мрежата на установите за образование на возрасните.

Коморите, вклучувајќи ја и Комората на занаетчиите, претставуваат социјални партнери во областа на образованието на возрасни во Советот за образование на возрасните. Со членот 13, се дефинирани конкретните надлежности на овие организации. Така, коморите ги вршат следниве работи: доставуваат предлози до Центарот за донесување на нови и иновирање на постојните програми, доставуваат предлози до Центарот за изготвување на нови стандарди на занимања, можат да основаат институции за образование на возрасните согласно со одредбите на овој закон и донесуваат програми кои се финансираат од средствата на коморите и ги доставува на верификација до Центарот.

Согласно член 17 од истиот закон, возрасните стекнуваат образование по програмите за основно, средно и високо

образование прилагодени на потребите и можностите на возрасните (јавно признати програми).

Со Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење[24] се уредуваат дејноста, управувањето, раководењето, финансирањето, надзорот, како и други прашања поврзани со работата на отворените граѓански универзитети за доживотно учење. Отворени граѓански универзитети за доживотно учење претставуваат установи кои вршат јавна услуга како дејност од областа на формалното образование на младите и возрасните лица (основно образование за возрасни, средно образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование и пост-средно образование за возрасни, преквалификација и доквалификација) согласно со Законот за образование на возрасните, како и неформално образование на младите и возрасните лица насочено за оспособување за работа, за различни социјални активности или личен развој.

## 2.3. Даночните прописи и занаетчиството

Посебно важно прашање при организирањето на занаетчиската дејност е начинот на оданочување на вршителите на занаетчиска дејност. Согласно со членот 8 од Законот за персонален данок на доход[25] обврзник на данокот на доход, е и физичко лице-трговец, трговец-поединец, како и физички лица што се занимаваат

---

[24]Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење, „Службен весник бр. 36/2011, 41/2014, 145/2015, 55/2016 и 64/2018.

[25]Закон за персонален данок на доход, „Службен весник бр.80/93, 3/94,70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/2010, 135/2011, 166/2012, 187/2013, 13/2014, 116/2015, 129/2015, 199/2015, 23/16 и 190 од 25.12.2017 година.

со земјоделска дејност, со занаетчиска дејност и лица кои вршат услуги или слободни занимања. Понатаму, согласно со членот 29 од Законот за персонален данок од доход, обврзник на данокот на доход за приходите од самостојна дејност е трговец- поединец, физички лица кои вршат земјоделска дејност и се запишани во соодветен регистар, лица кои вршат занаетчиска дејност и лица кои вршат услуги или слободни занимања кои остваруваат приходи од вршење на дејност од членот 28 на Законот. Законот за персонален данок од доход во членот 31 предвидува дека обврзникот кој поради определени околности не е во состојба да ги води деловните книги, или на кого нивното водење значително му го отежнува вршењето на дејноста, има право да поднесе барање до органот за јавни приходи, данокот на доход за приходите од вршење на дејност да го плаќа според паушално утврден нето-приход. Кога органот за јавни приходи ќе оцени дека се исполнети условите за паушално оданочување, го утврдува паушалниот нето-приход на обврзникот, имајќи предвид за: место каде што се наоѓа деловната просторија; опременоста на деловната просторија; пазарните услови во кои се врши дејноста; површината на деловната просторија; староста и способноста на обврзникот; големината на нето-приходот на обврзникот кој под исти или слични услови врши иста или слична дејност; и други околности кои влијаат врз остварувањето на добивката.

Исто така од интерес е и Законот за данокот на додадена вредност[26]. Со самиот факт што овој закон е менуван или дополнуван, или одредени одредби се укинати од страна на

[26]Закон за данок на додадена вредност, „Службен весник број 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, Уставен суд бр. 93/00, 8/01, 21/03, Уставен суд бр. 17/04, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16 и 189/16.

Уставниот суд, повеќе од 35 пати, се покажува дека битно се загрозува принципот на правна сигурност.

Данокот на додадена вредност, како општ потрошувачки данок, се пресметува и плаќа во сите фази на производството и трговијата, како и во целокупниот услужен сектор, освен ако не е поинаку пропишано со Закон. Во делот на занаетчиството, особено во делот на услужни дејности, данокот на додадена вредност претставува сериозна пречка за вршење на занаетчиската дејност.

Согласно со членот 9 од Законот за данокот на додадена вредност, даночен обврзник е лице кое трајно или повремено самостојно врши стопанска дејност, независно од целите и резултатите од оваа дејност.

### Слика 3: Праг за влегување како ДДВ обврзник во земјите од регионот




Во делот на данокот на додадена вредност треба да се има предвид и одредбата од членот 51 од Законот за данокот на додадена вредност, според која сите даночни обврзници, чиј вкупен промет во изминатата календарска година надминал износ од 1.000.000 денари или чиј вкупен промет се предвидува на почетокот

од вршењето на стопанската дејност дека ќе го надмине износот или во текот на годината го надмине износот, обврзани се за регистрација за данокот на додадена вредност. Прагот од 1.000.000 денари или околу 16.000 евра, во споредба со други земји од регионот, е најмал во нашата земја. Поради тоа, а врз основа на наодите од истражувањето, како и врз основа на искажаните ставови на вршителите на занаетчиска дејност, препорачливо е прагот за влез во ДДВ обврзник, да го следи трендот на земјите во регионот.

## 2.4. Правната рамка за спречување на нелојална конкуренција

Во 2014 година беше донесен Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.[27] Целта на овој закон е да овозможи фер конкуренција и фер услови за пазарно однесување. Овој закон има за цел уредување на деловните односи во кои стопанисуваат задругите, установите, како и другите лица со правен субјективитет кои врши дејност односно физичките лица кои ги вклучуваат лицата кои се занимаваат со земјоделска дејност, со занаетчиска дејност, лице кое врши услуги или слободни занимања и друго физичко лице кое врши дејност. Овој закон е особено релевантен за нашето истражување првенствено поради фактот дека нерегистрираното вршење на занаетчиска дејност создава нелојална конкуренција.

За нерегистрирана дејност во смисла на Законот, а согласно со членот 6, се смета:  вршење на дејност од страна на правно лице која не е запишана во посебните регистри утврдени со закон, освен

[27] Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, „Службен весник бр.199/2014.

трговскиот регистар; вршење на дејност од страна на правно лице без да поседува законски пропишан акт/и за исполнување на условите за вршење на регистрирана дејност издаден/и од надлежен орган согласно закон; вршење на дејност од страна на физичко лице која не е регистрирана кај надлежен орган; вршење на дејност од страна на физичко лице без да поседува законски пропишан акт/и со кој ги исполнува условите за вршење на регистрирана дејност издаден/и од надлежен орган согласно закон и кога правното или физичкото лице врши дејност спротивно на забраната на вршење дејност изречена од надлежен орган. Поради потребите на овој закон, а со цел да се спречи вршењето на нерегистрирана дејност, се предвидуваат посебни одредби за инспекциски надзор. Имено, согласно со членот 9 од Законот, инспекциски надзор ќе вршат широк круг на органи и тоа: Државниот инспекторат за труд, Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, овластен градежен инспектор и овластен урбанистички инспектор при Единиците на локалната самоуправа, Државен комунален инспекторат, Државен инспекторат за транспорт, Државен инспекторат за техничка инспекција, Државен инспекторат за земјоделство, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Државен просветен инспекторат, Државен управен инспекторат, Државен инспекторат за локална самоуправа, Државен инспекторат за животна средина, овластените инспектори за животна средина на општините, овластените инспектори за животна средина на општините во Градот Скопје и овластените инспектори за животна средина на Градот Скопје, секој во рамките на своите надлежности.

# 3. Емпириски податоци од истражувањето

Во овој дел на студијата ги презентираме емпириските податоци од спроведеното истражување. Во однос на применетата методологија на истражувањето, авторите се водеа од постулатот дека од исклучително значење за утврдување на ефикасноста на постојните политики е да се анализираат ставовите на категориите на кои тие политики се однесуваат. Врз основа на тоа, беше создадена методолошка рамка во која беа опфатени примарни и секундарни извори на информации.

Примарните извори на информации произлегоа од: 1) спроведената анкета со регистрирани занаетчии (со фокус на занаетчиите регистрирани по донесувањето на новиот закон); 2) спроведени фокус-групи и полуструктурирани интервјуа во Скопје и Тетово; 3) одржана тркалезна маса во Скопје на 13 јуни 2018 година и 4) доставени барања за пристап до информации од јавен карактер.

А) **Анкетата со целната група** (регистрирани занаетчии по донесувањето на новиот Закон) беше спроведена во периодот од 25 април до 15 мај 2018 година преку стандардизиран прашалник. Анкетата беше спроведена електронски на примерок од 30 занаетчии. Сите занаетчии кои одговорија на анкетата, се лоцирани во Скопје.

Со оглед на фактот дека водењето на занаетчиски регистар е обврска предвидена во новиот Закон за занаетчиство од 2015 година, во прашалникот беше содржано прашање во која година

прв пат занаетчиите се регистрирале во занаетчискиот регистар. На сликата во продолжение се претставени добиените одговори.

Слика 4: Структура на примерокот (број на занаетчии по година на регистрација)




Понатаму, беше поставено прашање со колкави трошоци се соочиле занаетчиите при упис во регистарот на занаетчии. Сите испитаници на ова прашање одговориле дека трошоците за упис се движеле во распон од 6.001 до 9.000 денари. Занаетчиите изјавија дека овој износ претставува акумулација на трошоците за упис во регистарот, како и останатите такси поврзани со процедурата за упис.

Наредното прашање во прашалникот се однесуваше на дополнителните трошоци со кои се соочуваат занаетчиите за добивање на занаетчиска дозвола. Добиените одговори се презентирани во продолжение.

Слика 5: Трошоци за регистрација




Понатаму, истражувањето покажа дека релативно слабо се користат мерките од страна на државата за поддршка на занаетчиството и негов побрз развој, односно за зголемување на иновативноста на занаетчиските производи и услуги. На поставеното прашање дали користат или користеле во минатото некаква субвенција од страна на државата за побрз развој на занаетчиството или за зголемување на конкурентноста и иновативноста на занаетчиските производи и услуги, позитивно се изјасниле 6,7 проценти од испитаните занаетчии. Притоа, истите изјавиле дека користеле субвенција од линијата „Субвенционирање на трошоци на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност". Мерката „Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори и фондации и здруженија на граѓани за развој и промоција на занаетчиството" не била искористена од ниту еден испитан занаетчија.

Слика 6: Субвенционирање на занаетчиската дејност




Наредна корист поврзана со занаетчиството е можноста за решавање на проблемот на невработеноста, посебно преку опцијата за самовработување или вработување на членови на семејството. На поставеното прашање колку изнесува бројот на вработени во друштвото (вршителите на занаетчиска дејност), беа добиени следните одговори.

Слика 7: Број на вработени




На оние занаетчии кои покрај себеси имаат уште најмалку еден вработен во друштвото, им беше поставено прашањето дали вработените се членови на нивното потесно семејство. Добиените одговори се дадени на сликата во продолжение.

Слика 8: Структура на вработени



На крајот, прашалникот содржеше прашања кои се однесуваат на вкупните приходи и вкупните расходи кои занаетчиите ги остваруваат во текот на годината. Меѓутоа, голем дел од испитаниците апстинираа од одговарање на овие прашања, поради што од добиените резултати не може да се изведе објективен заклучок за висината на просечните приходи и расходи на еден занаетчија, односно вршител на занаетчиска дејност во нашата земја во текот на годината.

Врз основа на спроведеното истражување за идентифика-ција на трошоците и користите поврзани со вршењето на занаетчиската дејност, регулирана пред сè со Законот за занаетчиство, беа формулирани следните **заклучоци:**

- добиените одговори за трошоците за упис во Регистарот на занаетчии се објективен трошок кој се движи во распон од 6000 до 9000 денари и истите претставуваат збир од трошоците за упис во регистарот и останатите административни такси;
- значително мнозинство од занаетчиите изјавиле дека не се соочиле со дополнителен трошок за добивање занаетчиска дозвола;
- мерките за побрз развој на занаетчиството или за зголемување на конкурентноста и иновативноста на занаетчиските производи и услуги обезбедени од страна на државата се релативни слабо искористени од страна на занаетчиите;
- занаетчиската дејност има потенцијал за редуцирање на невработеноста во земјата, со оглед на тоа што најголемиот дел од вршителите на занаетчиска дејност имаат повеќе од еден вработен. Притоа, може да заклучиме дека занаетчиската дејност помага во решавање на проблемот на невработеност на повеќе членови од едно семејство, со

оглед на тоа што во 36 проценти од случаите имало вработено член од потесното семејство.

- поради отсуство на релевантни информации за приходите и расходите на занаетчиите во текот на фискалната година, не сме во можност да изведеме заклучок за успешноста од нивното финансиско работење.

Б) Во рамките на ова истражување ИСИЕ спроведе **две фокус-групи** со занаетчии во Скопје (24 април 2018 г.) и Тетово (31 мај 2018 г.), како и **една тркалезна маса** на тема „Предизвици во имплементацијата на новиот Закон за занаетчиство од гледиште на занаетчиите" која се одржа на 13 јуни 2018 г. во соработка со Занаетчиската комора на Скопје. Во фокус-групите беа опфатени вкупно 12 занаетчии од Скопје и Тетово. Паралелно со фокус-групите, беа спроведени и 7 интервјуа со други клучни носители на интереси поврзани со регулирањето на вршењето на занаетчиската дејност.

Тркалезната маса беше инкорпорирана во проектот со цел да се презентираат прелиминарните податоци од спроведената анкета, интервјуа и фокус-групи, да се поттикне јавна расправа за актуелните законски решенија, да се презентираат ставовите на различните субјекти засегнати со оваа проблематика и да се приберат податоци за имплементацијата на актите поврзани со вршењето на занаетчиската дејност. На тркалезните маси беа поканети релевантни носители на интереси за оваа проблематика.

Со оглед дека голем дел од прибраните податоци и ставови на испитаниците се комплементарни, во овој дел на студијата ќе ги презентираме сумарните наоди од спроведените фокус-групи, интервјуа и тркалезна маса. Во сите претходно наведени активности беа вклучени занаетчии кои вршат различни видови занаетчиски дејности. Покрај тоа, беа вклучени занаетчии кои дејностите ги вршат во различен обем (беа вклучени занаетчии-самовработени и

занаетчии кои имаат други вработени). Генералниот впечаток е дека занаетчиите во праксата се среќаваат со: 1) проблеми кои се заеднички за сите и 2) проблеми кои се типични за одреден дел од занаетчиите и кои произлегуваат од карактерот на дејноста која ја вршат или од обемот на дејноста која ја вршат.

Како **клучни согледувања и заклучоци** кои може да се издвојат, а кои се однесуваат на предизвиците со кои се соочуваат занаетчиите, се издвојуваат следниве:

- Законот за занаетчиство од 2015 година претставува новина со која значаен дел од занаетчиите не се запознаени. Оваа констатација особено се однесува на помалите занаетчии кои имаа неподелен став дека не се запознаени со новото законодавство.
- Занаетчиската дејност е уредена со повеќе законски прописи кои понекогаш се контрадикторни и создаваат потенцијален хаос при нивната примена.
- Отсуствуваат мерки за поддршка на занаетчиите од страна на државата и локалните самоуправи. Евидентно е дека постојните мерки не се доволни. Покрај тоа занаетчиите не се запознаени со постојните програми за поддршка.
- Особен проблем претставува тоа што нема интерес за чираштво, односно подмладок. Просечната возраст на занаетчиите е околу 40-ина години. Постои реална можност одредени занаети да замрат за брзо време.
- Не постои врска помеѓу средните стручни училишта, програмите кои тие ги нудат и практиката, односно занаетчиите. Отсуствува практична настава во текот на образованието на средношколците.
- Се чини дека постои негативна перцепција за можностите кои ги нуди занаетот, како кај родители, така и кај младите. Во услови на висока невработеност кај младите, недостасува

подобра информираност за предностите кои ги нуди занаетот.

- Најголем дел на лица кои влегуваат во занаетчиството, се повозрасни лица (30–40 години) кои веќе имале одредени квалификации, но останале без работно место и истите се преквалификуваат за вршење на одредена занаетчиска дејност.
- Малите занаетчии се паушално оданочени и со тоа во голем степен се задоволни со административните обврски кои ги имаат кон Управата за јавни приходи.
- Од друга страна, поголемите занаетчии се оптоварени со голем број давачки и такси, како и високи казни.
- Постои висок степен на нелојална конкуренција. Овој проблем е изразен и кај малите и кај големите занаетчии. Покрај тоа, постојат занаетчии кои не се членови на Занаетчиската комора.
- Подобрување на комуникацијата и соработката, особено помеѓу помалите занаетчии кои гравитираат кон чаршијата особено во контекст на предностите кои истата ги нуди, како и во однос на заеднички иницијативи за подобрување на логистичките капацитети за вршење на дејноста.
- Изоставени се посебни мерки за поддршка на креативните и културните занаети, како и на занаетите во изумирање. За одредени занаети, на ниво на целата држава има само по неколку занаетчии (јорганџија, крпач, шапкар, самарџија итн.). Промоцијата на т.н. „стари занаети“ може да придонесе кон збогатување на туристичката понуда.

В) Во рамки на истражувањето, по пат на барања за пристап до информации од јавен карактер, се обративме и до други надлежни институции релевантни за функционирањето на занаетчиската дејност во земјата, вклучувајќи ги и Министерството

за економија, Фондот за иновации и технолошки развој, како и Занаетчиската комора на Скопје.

Главните механизми за поттикнување на развојот на занаетчиската дејност од страна на државата претставуваат посебните мерки на поддршка и субвенции. Имајќи го тоа предвид, во рамки на истражувањето ја анализиравме висината на средствата определени за оваа намена. Сепак спроведената анализа покажа дека средствата кои државата ги доделува на занаетчиите се скромни и истите овозможуваат само многу ограничен ефект. Од податоците добиени од Министерството за економија, преку барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, може да се констатира дека средства за поддршка на занаетчиите се предвидени преку Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, во рамките на мерката Поддршка на занаетчиството. Во рамките на програмата се предвидени две мерки и тоа: а) субвенционирање на трошоци на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност и б) кофинансирање на проекти на занаетчиските комори и фондации и здруженија на граѓани за развој и промоција на занаетчиството во земјата. Во рамките на првата мерка, во периодот 2012 година до 2017 година се доделени вкупно 5.959.554 денари, на вкупно 61 занаетчија.[28]

[28]ИСИЕ, Одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерство за економија, бр. 03-24/1 од 8.5.2018 г.

Табела 1: Број на доделени субвенции преку мерката: Субвенционирање на трошоци на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност

| Година | Број на доделени субвенции на занаетчии | Износ на доделени субвенции |
|---|---|---|
| 2012 година | 5 | 709.575 денари |
| 2013 година | 3 | 353.400 денари |
| 2014 година | 6 | 627.916 денари |
| 2015 година | 12 | 950.228 денари |
| 2016 година | 12 | 1.275.574 денари |
| 2017 година | 23 | 2.063.010 денари |

Преку втората мерка за кофинансирање на проекти на занаетчиските комори и фондации и здруженија на граѓани за развој и промоција на занаетчиството, во периодот од 2010 година до 2017 година се доделени вкупно средства во износ од 5.557.300 денари на вкупно 44 проекти.

Табела 2: Број на доделени проекти преку мерката кофинансирање на проекти на занаетчиските комори и фондации и здруженија на граѓани за развој и промоција на занаетчиството

| Година | Број на занаетчиски комори | Износ на доделени средства |
|---|---|---|
| 2010 година | 2 | 297.000 денари |
| 2011 година | 4 | 749.500 денари |
| 2012 година | 3 | 350.000 денари |
| 2013 година | 5 | 466.000 денари |
| 2014 година | 10 | 992.400 денари |
| 2015 година | 9 | 994.900 денари |
| 2016 година | 4 | 480.000 денари |
| 2017 година | 7 | 1.242.500 денари |

Во рамките на Агенцијата за поддршка на претприемништвото, во Стратешкиот план 2018–2020 година се предвидени низа активности за поддршка на мали и средни претпријатија кои имаат за цели зголемување на бројот на мали и средни претпријатија, зголемување на бројот на работни места, намалување на сивата економија и слично, за што се предвидени средства од 62.154.900 денари.[29]

Што се однесува до трошоците за регистрација во Регистарот на занаетчии, преку едношалтерскиот систем, преку доставеното барање се утврди дека се предвидени следните трошоци: 6.000 денари, упис во Регистар на занаетчии; 1.357 денари, такса за упис во Централен регистар; 50 денари, административна такса за барање за упис во Регистар на занаетчии; 600 денари, административна такса за Решение за упис во регистар на занаетчии и 50 денари административна такса за Државен пазарен инспекторат. Во рамките на едношалтерскиот систем за регистрација во Комората на занаетчии, занаетчијата добива:

- Упис во Регистар на занаетчии и упис во Централен регистар;
- Пријава во Агенција за вработување;
- Пријава во задолжително здравствено и социјално осигурување во Фондот за здравствено осигурување;
- Поднесување пријава за исполнување на минимални технички услови до Државен пазарен инспекторат;
- Поднесување на известување до Државен инспекторат на трудот;
- Поднесување на известување до Државен санитарен и здравствен инспекторат;

[29] „Стратешки план 2018-2020 година", http://www.apprm.gov.mk/webdata/dokumenti /StrateskiPlan APPRM_2018_2020.pdf

- Поднесување на барање за ослободување од персонален данок до Агенција за вработување;
- Поднесување на барање за паушално оданочување до Управа за јавни приходи и
- Отворање на сметка во банка по избор на занаетчијата.

Конечно, секундарните извори на информации беа обезбедени преку анализа на постојната легислативна рамка која се однесува на занаетчиството и вршењето на занаетчиска дејност, како и компаративните искуства на другите релевантни држави. Истите се изложени во првата и втората глава на оваа студија.

# 3. Препораки

Врз основа на спроведеното истражување беа формулирани следниве препораки за унапредување на сегашните политики до надлежните институции:

## До Министерство за економија

- Имајќи предвид дека законската рамка за занаетчиството е комплексна и противречна, потребно е во најскоро време да бидат донесени сите подзаконски акти предвидени со Законот за занаетчиство. Законот за занаетчиство се ограничува во однос на формите на вршителите на занаетчиска дејност на трговец-поединец и друштво со ограничена одговорност. Тоа исклучува одредени други форми на друштва, како акционерското друштво, на пример. Оттука оваа одредба потребно е да се прошири.
- Потребно е да се преземат решителни мерки за имплементација на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, со цел да се намали нелојалната конкуренција.
- Во однос на законската рамка, исто така треба да се поедностават прописите од даночен аспект. Дополнително, неопходно е да се разгледа и да се оцени прагот за ДДВ обврзници согласно со Законот за данокот на додадена вредност и да се прилагоди на компаративните искуства од регионот.
- Се наметнува потреба од создавање систем на субвенционирање, кој ќе опфати многу повеќе финансиски средства од постојните и ќе биде рамномерно насочен кон потребите на различните занаетчии зависно од нивниот вид или големина.

- Посебно внимание треба да биде посветено на нова програма за субвенционирање на чираци и занаетчии кои ангажираат чираци, како и на попрецизно одржливо регулирање на статусот на чиракот.
- Со оглед на комплексната законска материја која се однесува на занаетчиството, надзорот кој го вршат надлежните инспекции треба да опфати и предупредување и информирање на занаетчиите, а не исклучиво казнување и
- Се препорачува да се овозможи саморегулација на занаетчиството во поголем степен со цел струковните организации, како што се занаетчиските комори, да имаат поголеми надлежности во делот на регулација на дејноста.

## До Министерството за образование и наука

- Потребно е да се реформира средното стручно образование со цел практичната настава да биде вклучена во многу поголем обем од сегашниот.
- Препорачливо е практичната настава, покрај во училишните работилници, да се изведува и со занаетчиските работници. На тој начин, прво, средношколците ќе имаат поголем круг на искуство и второ, ќе се создаде врска помеѓу потенцијалниот работодавач и средношколецот.
- Треба да се изврши темелна преоценка на предностите и недостатоците на задолжително средно образование.

## До занаетчиските комори

- Што поскоро воведување на електронскиот регистар на занаетчии со цел да се добие вистинската слика за состојбите во оваа дејност во земјата. Бројката на занаетчии е важна со цел креаторите на политики да имаат претстава за реалните состојби. Само така ќе се креираат политики според потребите на праксата и реалната економија.

- Да се преземат мерки за унапредување на информираноста на занаетчиите во врска со новото законодавство преку нови канали на комуникација.
- Промоција на предностите на членството во коморите и поттикнување на нерегистрираните занаетчии да се приклучат кон коморското организирање. Зголемувањето ќе ги наметне коморите како уште порелевантен претставник на интересите на занаетчиите во општеството.
- Во соработка со медиуми и училиштата, да се промовира посовремен пристап во промоцијата на професијата занаетчија.

## До општините

- Да се поттикне одржувањето на т.н. „стари занаети" кои гравитираат кон градските/општински центри. Препорачливо е да бидат вклучени и во програмите на туристичките водичи, зашто во основа поголема би била нивната успешност како туристичка атракција, отколку како занаети кои создаваат за на пазар, бидејќи во одреден дел не се конкурентни.
- Да се подобри логистичката поддршка одржувањето на хигиената во чаршиите, и
- Заедно со останатите чинители, да се иницира нов и современ пристап за промоција на занаетчиството како професија.

# 5. Библиографија


- "Crafts and SMEs 2020: SMEs means jobs and growth", UEAPME, https://ueapme.com/IMG /pdf/1406 11_UEAPME-2020_final.pdf.
- "REPORT ON THE SITUATION OF CRAFTSMANSHIP IN EUROPE", CR@FTSMAN PROJECT, достапно на http://projects.ifes.es/pdfs/craft/craft1.pdf.
- "The Craft and Trade Sector in the Culture and Creative Industries", достапно на https://www.kultur-kreativ-wirtschaft.de/KUK/Redaktion/DE/PDF/handwerk-in-der-kultur-und-kreativwirtschaft-englische-fassung.pdf?__blob=publicationFile&v=2.
- "Think Small First" A "Small Business Act" for Europe", COMMISSION OF THE EUROPEAN COMMUNITIES, http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=C ELEX:5200 8DC0394&from=EN.
- „Малите бизниси се приоритет", http://www.apprm.gov.mk/webdata/dokumenti/Za kon%20za %20mal i%20pretpetrijatija%20za%20Evropa.pdf.
- „Стратешки план 2018-2020 година", http://www.apprm.gov.mk/webdata/dokumenti /StrateskiPlan APPRM_2018_2020.pdf.
- Politika, Zakon o zanatstvu u fioci, 7.4.2016 g., достапно на http://www.politika.rs/sr/clanak/401526/Zakon-o-zanatstvu-u-fioci.
- Zakon o obrtu, достапно на https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2013_12_143_3065.html.

- Zakon o zanatsko-preduzetničkoj delatnosti, достапно на http://www.paragraf.ba/propisi/republika-srpska/zakon-o-zanatsko-preduzetničkoj-djelatnosti.html.
- Закон за данокот на додадена вредност, „Службен весник број 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, Уставен суд бр. 93/00, 8/01, 21/03, Уставен суд бр. 17/04, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16 и 189 од 14.10.2016 година.
- Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, „Службен весник", бр.199/2014.
- Закон за образование на возрасните, „Службен весник бр. 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015, 30/2016 и 64/2018".
- Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење, „Службен весник бр. 36/2011, 41/2014, 145/2015, 55/2016 и 64/2018".
- Закон за персонален данок на доход, „Службен весник бр.80/93, 3/94,70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/2010, 135/2011, 166/2012, 187/2013, 13/2014, 116/2015, 129/2015, 199/2015, 23/16 и 190/17".
- Закон за средното образование, „Службен весник бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018".
- Закон за стручно образование и обука, „Службен весник бр. 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014 и 145/2015".

- Закон за Централен  регистар, „Службен весник бр.50/01, 49/03, 109/05 и 88/08“.
- Закон за занаетчиство, „Службен весник бр.215/2015“.
- Законот за трговските друштва, „Службен весник бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014 и 88/2015“.
- ИСИЕ, Одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерство за економија, бр. 03-24/1 од 8.5.2018 г.
- ИСИЕ, Одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер до Занаетчиската комора – Скопје, бр. 03-26/1 од 28.5.2018 г.

Фотографии од одржаните фокус-групи и тркалезна маса.









CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

338.46:340.13(497.7)(047.31)

ДОКМАНОВИЌ, Мишо
Преку проценка на влијанието на регулативата на занаетчиската дејност до подобрување на деловната клима : студија за проценка на регулативата / Мишо Докмановиќ, Катерина Шапкова-Коцевска, Дарко Спасевски. - Скопје : Институт за стратешки истражувања и едукација - ИСИЕ, 2018. - 60 стр. : табели ; 21 см

Библиографија: стр. [60]

ISBN 978-608-65157-5-1
1. Шапкова Коцевска, Катерина [автор] 2. Спасевски, Дарко [автор]
а) Занаетчиство - Законско регулирање - Македонија - Истражувања
COBISS.MK-ID 107585546



Проектот е финансиран од Европската унија

Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ од Скопје и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Европската унија.